Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 47, 1 октомври 2010 година

октомври 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно - научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 19

**РЕФЕРАТ** за избор на тројца наставници во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област архитектура, урбанизам и просторно планирање на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 32

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Финансиски менаџмент“ од проф. д-р Ристо Фотов ........ 34

**РЕЦЕНЗИЈА** на трудот „Меѓународни финансии“ од проф. д-р Ристо Фотов ........ 41

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебник „Физиологија на растенијата” од проф. д-р Лилјана Колева - Гудева, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” – Штип ........ 45

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно – научниот совет на единицата ........ 49

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО - НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ И БАНКАРСТВО НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ШТИП**

Со Одлука бр.1702-126/8 од 14.9.2010 год., донесена на 12. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 14.9.2010 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање *доцент* за наставно-научната област *финансии и банкарство* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм", на 17.8.2010 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатите **д-р Виолета Маџова и д-р Маријан Стевановски**.

Врз основа на приложената документација, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Виолета Маџова** е родена на 17 мај 1963 година во Скопје. Основно образование завршува во 1977 година во ОУ „Браќа Рибар" Скопје (денес ОУ „Димитар Миладинов"). Средно образование завршува во 1981 година во Гимназијата „Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје – Математичка насока, отсек Информатика (помошник-програмер и ракувач со сметачки машини – IV степен на образование). Во учебната 1981/82 година се запишува на Економски факултет во Скопје, на отсекот Прометно-комерцијална насока и дипломира на истиот во октомври 1985 година, под менторство на д-р Катерина Чакмакова-Манова.

Во учебната 1986/87 година се запишува на постдипломски студии група „Маркетинг" на Економскиот факултет во Скопје, каде во 1990 година се стекнува со научен степен **магистер на науки** со успешна одбрана на магистерскиот труд на тема „*Организација на маркетинг активностите во МЗТ*" под менторство на д-р Бошко Јаќовски.

Во јуни 2009 година успешно ја одбранува докторската дисертација на Економскиот институт во Скопје на тема „*Оценка на кредитниот ризик во процесот на управување со кредитни ризици во комерцијалните банки на Р. Македонија*" под менторство на д-р Благоја Наневски, при што се стекнува со научен степен **доктор на науки**.

Во својата работна кариера кандидатката д-р Виолета Маџова има повеќе работни ангажмани особено во областа на банкарството, финансиите и економскиот развој (на национално и локално ниво).

Имено, д-р Виолета Маџова е ангажирана како секторски раководител во „Тетекс банка" – Скопје (март 1996 год. - септември 1997 год.), а во периодот (септември 1997 год. - декември 2000 год.) работи како проектен менаџер, а потоа како помошник-директор во Агенцијата за санација на банки**,** чиј предмет на работа е управување со лошите кредити на крајните должници - претпријатија пренесени од Стопанска банка АД Скопје на Агенцијата.

Во периодот февруари 2003 - декември 2004 г., д-р Виолета Маџова кариерата во областа на банкарството ја продолжува во меѓународните проекти и тоа:

– Проектот на УСАД - Јакнење на македонскиот финансиски сектор - банкарски советник, одговорна за креирање на приватно кредитно биро и поддршка на Народната банка во делот на управување со банкарските ризици;
– Проект на ЕАР – Реформа на банкарскиот сектор - виш банкарски експерт, задолжена за поддршка на Нардодна банка за промоција и имплементација на новата капитална спогодба – Базел 2 и в.д. генерален секретар на Здружението за банкарство.

Со процесот на децентрализација во 2005 година, д-р Виолета Маџова е ангажирана како *виш финансиски експерт* во проектот на ЕАР – Техничка помош на Министерството за финасии за фискална децентрализација, а од март 2006 год. до денес работи на место *виш советник* и тим лидер за локална самоуправа и децентрализација во СНВ - Холандска развојна организација -подружница Скопје.

Д-р Виолета Маџова, меѓу другото, ги има и следниве ангажмани:

1. Претседавач на Работната група за либерализација и олеснување на трговијата во рамките на Пактот за стабилност (јуни 2001 – февруари 2003 г.);
2. Претседател на Македонската делегација на Работната група за економски и финансиски прашања при Советот за соработка на РМ и ЕУ (февруари 2001 – февруари 2003 г.);
3. Претседател на заедничките мониторинг комитети за спроведување на договорите за слободна трговија на Македонија со земјите од ЈИЕ (јан. 2001 - фев. 2003 г.);
4. Главен преговарач на договорите за слободна трговија на Р.Македонија со БиХ, Албанија и Романија (март 2001 - дек. 2002 г.);
5. Координатор и член на преговарачкиот тим во процесот на пристапување на Р. Македонија во СТО (јан. 2001- септ.2002 г.);
6. Член на Управниот комитет на Проектот на ЕАР – Реформа на образованието (јануари 2002 - март 2003 г.);
7. Координатор / претседател на Управниот комитет за елиминирање на инвестиционите бариери – Светска банка (јануари 2002 - февруари 2003 г.);
8. Координатор на Економскиот форум на ЦЕИ – ноември 2002 г. и
9. Координатор на Работна група на 57-та Меѓународна банкарска школа – Кос-Грција, на тема „Управување со кредитниот ризик и негово регулирање“ (јуни/јули 2004).

*Забелешка: Работата и презентациите се одвиваа на англиски јазик.*

Во текот на својата кариера има повеќе студиски и работни престои во странство од кои позначајни се:

1. Престој и работа во банката Banca Nazionale del Lavoro – Рим, Италија – како дел од италијанската Програма за размена на банкарски кадри со меѓународните кореспондентски банки - мај/јуни 1997 година;
2. Студиски престој во Hellenic Bank association (Банкарско здружение на Грција) Атина, Грција – во рамките на Програмата за учење на Проектот Реформа на банкарскиот сектор - ноември / декември 2003 година;
3. 57. Меѓународна банкарска школа – остров Кос, Грција, учесник и координатор на работна група Хермес, јуни-јули 2004 година.

Покрај активното користење на англискиот јазик, канадидатката се служи и со италијански јазик, а има пасивно познавање на грчкиот јазик.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во рамките на своите досегашни ангажмани, д-р Виолета Маџова директно е вклучена во реализација на над триесетина обуки од областа на банкарството, јавните финансии, финансиски менаџмент, финасискиот лизинг, управување со ризиците, кредитниот рејтинг, примена на меѓународни сметководствени стандарди во банките и јавните институции, како и обуки за користење на финансиските фондови на ЕУ.

Меѓу поважните реализирани обуки/предавања од страна на д-р Виолета Маџова, вредно е да се спомнат:

1. „Кредитни процеси, управување со ризиците и рано предупредувачки сигнали“ - Семинар на кредитните аналитичари на Тутунска банка - Скопје (септ. 2003) – веб-страница во прилог;
2. Седум циклуси на обуки на пилот-општини од областа на финансискиот менаџмент (јавно сметководство, буџетско планирање, буџетско извршување, финасиски менаџ-

мент - управување со готовина, јавна внатрешна финансиска контрола) – септ. 2006 - април 2007 г.;

3. Десетина семинари на тема – „Користење на ИПА и другите финансиски фондови на ЕУ" - јуни 2008 - јуни 2010 г.;
4. Три предавања на тема „Јавно приватно партнерство" предизвици на локалната самоуправа;
5. Семинар „Идентификување и подготовка на проекти за регионален развој" – јуни 2009 г.;
6. Обуки „Управување со ризиците на локално ниво» – циклус од обуки на сите ЕЛС во Македонија;
7. „ЕУ локализација» – десет циклуса на обуки за користење на европските фондови во функција на унапредување на локалниот развој.

По завршените специјални обуки во Центарот за одличност во финансиите (Center for Excellence in finance) во Љубљана – Словенија, во периодот фев. 2008 - фев. 2009 г. Д-р Виолета Маџова е ангажирана како ***тутор по управувачко сметководство (управување со трошоци), менаџмент и финансиски менаџмент*** **за стекнување на интернационална диплома на јавните сметководители и ревизори, издадена од CIPFA** (Certified Institut for Public Finance and Accounting) од Англија, а во рамките на истоимениот проект финасиран од Светска банка

Д-р Виолета Маџова е автор на повеќе научноистражувачки трудови, бројни прирачници, студии и стратешки документи од кои Комисијата како поважни ги издвојува следниве:

1. д-р Виолета Маџова – „Управување со кредитниот ризик во комерцијалното банкарство", рецензиран труд, јануари 2010 г., 308 стр., НАМ прес – Скопје;
2. д-р Виолета Маџова „Модели за оценка на кредитната способност на комитентите на банките", рецензиран труд, јануари 2010 г., стр. 162, НАМ прес-Скопје;
3. м-р Виолета Маџова „Оценка на кредитниот ризик во процесот на управување со кредитни ризици во комерцијалните банки на Р. Македонија, јуни 2009 г., докторски труд, стр. 382., Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски институт» – Скопје;
4. м-р Виолета Маџова, м-р Лидија Нануш „Финансиско известување според сметководство на готовинска основа" (стандард, примери и објаснувања), рецензиран труд и преведен на македонски јазик, стр. 146, јануари 2005 г., Југореклам – Скопје;
5. м-р Виолета Маџова „Управувањето со кредитните ризици и одредбите на новиот Базелски договор I и II дел - Економија бизнис-списание за теорија и практика, ноември и декември 2003 г.;
6. м-р Виолета Маџова „Програмски пристап за користење на странскиот капитал за поддршка на технолошкиот развој - Зборник на трудови од конференцијата во организација на Здружението за одржлив развој, март 2003 г.;
7. м-р Виолета Маџова „Принципите на недискриминација, либерализација и транспарентност, патоказ при преговорите за влез на Македонија во СТО - Зборник на трудови од конференцијата во организација на Здружението за одржлив развој, септември 2002 г.;
8. м-р Виолета Маџова „Фондот за осигурување на депозити во Унгарија»-Економија бизнис - списание за теорија и практика, ноември 2000 г.;
9. м-р Виолета Маџова „Осигурување на депозитите и моралниот хазард" -Економија бизнис - списание за теорија и практика, мај 2000 г.;
10. Виолета Маџова „Организација на маркетинг активностите во МЗТ-Скопје" - магистерски труд, јуни 1990 г.;

11. д-р Виолета Маџова „Управување со ризиците во единиците на локална самоуправа – стратегија за управување со ризиците на Општина Гази Баба – СНВ, рецензиран труд, Холандска развојна организација, Скопје, април 2010 г.;
12. м-р Виолета Маџова „Модели и процедури за управување со лошите пласмани пренесени на агенцијата за санација на банки на Република Македонија“, стр. 31, Годишник на Агенцијата за санација на банки, март 1999 г.;
13. м-р Адријана Богдановска, м-р Виолета Маџова, Марија Петровска – „Студија за поддршка на женското претприемништво од страна на локалната самоуправа“ – СНВ, Холандска развојна организација, јануари 2009 г.;
14. д-р Н. Габер, м-р Виолета Маџова, Душан Павловски – „Форми за соработка меѓу локалната самоуправа и граѓанскиот сектор“ – СНВ, Холандска развојна организација, јуни 2009 г.;
15. м-р Виолета Маџова, м-р Нехат Рамадани „Стратегија со акционен план за развој на туризмот на Општина Крушево – декември 2007 г., СНВ –Холандска развојна организација;
16. м-р Виолета Маџова, м-р Филип Блажевски – „Финансиски менаџмент“ – организација на функцијата финансиски менаџмент во АД Жито Вардар – Велес (работни места и хиерархиски канали ) - октомври 2007 г.

Д-р Виолета Маџова е учесник со свои реферати и трудови на повеќе конференции од меѓународен карактер, а како позначајни можат да се издвојат:

1. „Securities in Circulation in the Republic of Macedonia“ - Banking Sector Reform, презентирано на конференцијата» Интербалкански форум на банкарските здруженија - јануари 2004 г.;
2. „Инвестирање во Македонија - состојби, пречки и перспективи“ - Меѓународна конференција во организација на ОЕЦД и Пактот за стабилност – Работна маса за реформи, инвестиции интегритет и развој: Привлекување на инвестиции во Југоисточна Европа, 17-18 јули, Виена, Австрија (прилог-превод на македонски);
3. „Продажба на побарувањата како ефикасен модел на управување со лошите пласмани во македонскот банкарство“ - научното советување на ЕМРЦ-Брисел, мај 2000 г.;
4. „Bad loan Management Models in Macedonian Banking” - European Marketing Resource Center EMRC – Семинар за финансии и банкарство, Тел Авив - Израел, ноември 2000 г.;
5. „Macedonian investment potentials“ - Економскиот форум на ЦЕИ, Трст, ноември 2001 година;
6. „СТО - фактор врз развојот и преструктуирањето на стопанството во Македонија“, март 2002 г.

Д-р Виолета Маџова учествува и во проекти, меѓу кои посебно ги издвојуваме следниве:

1. Capacity building in Public Accounting Project (Проект за јакнење на капацитетите во јавното сметководство) - проект финансиран од Светската банка, а во организација на CEF (Center for Excellence in Finance) - Љубљана, Словенија, јануари 2008 - декември 2009 година;
2. Ангажман: тутор по управувачко сметководство (управување со трошоци) - менаџмент и финансиски менаџмент за стекнување на интернационална диплома на јавните сметководители и ревизори, издадена од CIPRA (Certified Institute for Public Finance and Accounting) од Англија;
3. EAR-FWC - Support to the fiscal decentralization process (Проект – поддршка на процесот на фискална децентрализација на ЕАР), септември 2006 –мај 2007 година. Ангажман: финансиски експерт
4. EAR “Tehnical Assistance to the Ministry of Finance for Fiscal Decentalization“ Proj-

ect (проект – техничка помош на Министерството за финансии за фискална децентрализација на ЕАР) – мај 2005 - март 2006 година.
Ангажман: виш финансиски експерт.
5. EAR "Tehnical assistance for Banking Sector Reform" Project (Проект на ЕАР-Техничка помош за реформа на банкарскиот сектор) – октомври 2003 –ноември 2004.
Ангажман: виш банкарски експерт.
6. USAID - Macedonian Financial Sector Strengthening Project (Проект на УСАИД - јакнење на македонскиот финансиски сектор) – февруари - октомври 2003 година.
Ангажман: банкарски советник.

**Евалуација на трудот број 1-** „Управување со кредитниот ризик во комерцијалното банкарство" - рецензиран труд, 308 стр. - јануари 2010 г., НАМпрес - Скопје.

Во овој труд, кој има претежно учебникарски карактер, се презентирани теоретските поставки на управувањето на кредитниот ризик во комерцијалните банки, презентирајќи ги притоа најновите трендови и сознанија за фазите на управувањето на ризикот, како и новите кредитни производи со кои се дисперзира и трансферира кредитниот и другите банкарски ризици поврзани со него. Во трудот особено се елаборирани причините за настанување на финансиските и банкарски, кризи поради актуализација на кредитниот ризик, низ историјата и во светски размери, во земјите во транзиција и во Република Македонија. Во таа смисла е даден посебен осврт на последната светска финанскиска криза од 2007 до 2009 година, причините и последиците од неа, како и мерките што ги преземаа националните институции во САД и земјите на Европската унија. Исто така, презентирани се и анализирани инструментите и техниките за трансфер на кредитниот ризик, како што се *кредитниот своп*, портфолио кредитен своп, меници поврзани со кредит, колатерализирани обврзници, структуирано финансираните хартии од вредност и потенцирајќи одредени негативности врз креирање на нови форми и ефектуирања на кредитниот ризик се предлагаат одредени промени кај иститe. Во продолжение се анализираат и улогата на рејтинг агенциите и кредитните информативни системи во правец на пребродување на проблемот што го креира феноменот на „асиметричност на информации".

**Евалуација на трудот број 2**. „Модели за оценка на кредитната способност на комитентите на банките" - рецензиран труд, стр. 162-јануари 2010 г., НАМпрес-Скопје.

Трудот ги презентира современите трендови на оценка на кредитната способност на комитентите на банките, во кои е сè поприсутна праксата, донесувањето на кредитни одлуки и оценката на кредитната способност на комитентите во банките да се базира на резултатите од примената на квантитативни модели, чија објективност го намалува дискреционото право на банкарите да ги пласираат средствата на депонентите, водејќи се од свои лични проценки, мислења и интереси.

Во таа смисла овој труд прави сеопфатна компаративна анализа на класичниот приод на оценка на кредитната способност на кредитобарателите, наспроти приодот кој применува квантитативни модели како објективни алатки за донесување на кредитни одлуки врз основа на проценетата кредитна способност, следење на кредитното однесување на комитентите и донесување соодветни одлуки во правец на креирање соодветна кредитна политика во комерцијалните банки. Особено значење во овој труд им се придава на кредит скоринг моделите како специфични квантитативни модели за оценка на кредитната способност, анализирајќи ги притоа состојбите и можностите за воведување на истите кај македонските комерцијални банки. Практичната димензија на трудот произлегува од тенденцијата загубите кои произлегуваат од лошите кредитни пласмани, да се намалат со креирање на објективни алатки за оценка на кредитниот ризик, преку оценување на кредитната способност на кредитобарателите. Во таа смисла се предлага изградба на кредит скоринг модел во соодветна постапка и со соодветни критериуми и параметри кои

најмногу би одговарале на македонските комерцијални банки.

**Евалуација на трудот број 3**. „Оценка на кредитниот ризик во процесот на управување со кредитни ризици во комерцијалните банки на Р. Македонија" - докторски труд, 382 стр., јуни 2009 г., Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски институт - Скопје.

Докторската дисертација **„**Оценка на кредитниот ризик во процесот на управување со кредитниот ризик во комерцијалните банки на Република Македонија**"** обработува современа и многу актуелна проблематика од областа на банкарството. Имајќи ја предвид актуелноста на проблематиката сврзана со кредитниот ризик во дисертацијата се прави сеопфатна анализа на проблематиката на управувањето со кредитниот ризик, презентирајќи ги и притоа критички осврнувајќи се на моделите што се користат за оценка на кредитниот ризик во современата теорија и пракса. Воедно, респектирајќи ги карактеристиките на банкарското опкружување во Република Македонија, анализирани се можностите за воведување на модели за кредитно бодирање (кредит скоринг модели), предлагаќи ги основните параметри и постапки за нивно креирање и имплементација.

Всушност, истражувањето започнува со презентирање на актуелноста на кредитниот ризик низ историјката на развиените земји, земјите во транзиција и Македонија, фокусирајќи се особено и анализирајќи ги причините за големата финансиска криза и нејзините ефекти во развиените земји, како и врз македонското банкарство.

Понатаму се анализира содржината на управувањето на кредитниот ризик која се третира во банкарската теорија и пракса, каде детално се разработени фазите кои ги опфаќа управувањето со кредитниот ризик со сите нивни карактеристики.

Еден од главните предуслови за квалитетна проценка и управување на кредитниот ризик претставуваат кредитните информации кои ситематизирани и институционално поддржани градат еден заокружен кредитен информативен систем. Карактеристиките на соодветните видови на кредитно информативни системи се осебено анализирани и истражени во овој труд. Во таа смисла се констатира дека кредитните регистри (било јавни или приватни) треба да претставуваат основно и првобитно јадро на кредитно-информативниот систем во потесна смисла на зборот, а рејтинг агенциите и другите слични институции да претставуваат негов комплементарен институционален дел, со цел создавање пореална и поширока основа за оценка на кредитниот ризик на кредитобарателите.

Кредитниот ризик и управувањето со него зазема значајно место и во Новата капитална спогодба-БАЗЕЛ 2, чии импликации се презентирани во рамките на докторскиот труд. Всушност, Новата капитална спогодба дава особено поголем акцент врз проценка на ризикот од страна на банките, поттикнување за изработка на пософистицирани методологи за оценка на кредитниот ризик, како и подобра пазарна дисциплина и транспарентност на кредитните информации за комитентите на банките и за банките.

Во докторскиот труд, исто така, детално се разработени и критички оценети постапките на класичната кредитна анализа, нејзините методи, предности и недостатоци. Потенцирајќи го значењето на математичките модели за проценка на кредитниот ризик, кои во голема мера ги неутрализираат субјективните проценки на кредитните аналитичари, особено се презентираат предностите од примената на кредит скоринг моделите како се направени обиди да се дадат предлози за развој на кредит скоринг модел при оценување на кредитната способност на кредитобарателите, и се предлагаат чекори за нивно воведување и примена кај македонските банки.

**Евалуација на трудот број 4** „Финансиско известување според сметководство на готовинска основа" (стандард, примери и објаснувања) ***рецензиран труд и преведен на македонски јазик,*** стр. 146, јануари 2005 г., Југореклам – Скопје.

Овој прирачник е подготвен за потребите на Проектот финансиран од Европската агенција за реконструкција – „Техничка поддршка на Министерството за финансии за фискална децентрализација" и е наменет за сметководителите и останатите финансиски

работници од јавниот сектор.

Имено, согласно со Правилникот за примена на меѓународните сметководтсвени стандарди во јавниот сектор на готовинска основа, кој го донесе Министерството за финансии за првпат формално се пропишуваат сметководствените стандарди што се применуваат при водењето на сметководството за буџетите и буџетските корисници. („Службен весник на РМ" бр. 116 од 29.12.2005 г.), кој започна со примена на 1.1.2007 година.

Во таа смисла овој прирачник е од големо значење за примена на меѓународните сметководствени стандарди во јавниот сектор. Во таа смисла, овој Прирачник овозможува подобро разбирање и поедноставна примена на сметковостениот стандард на готовинска основа при водењето на сметководството од страна на буџетите и буџетските корисници.

Прирачникот е составен од две поглавја:

Глава прва - Презентирање на финансиско известување според сметководство на готовинска основа и

Глава втора - Примери и објаснувања за практична имплементација на МСС за јавен сектор на готовинска основа. Во оваа глава особено се дадени практични примери и инструкции по однос на белешките кон финансиските извештаи, кои претставуваат своевидна новина во презентирањето согласно со овој меѓународен сметководствен стандард.

На крајот на Прирачникот е приложен анекс кој ги презентира во кратка верзија Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор (МСС) на пресметковна основа како следни чекори за развој на домашното сметководството во јавниот сектор, а кои се применуваат веќе во голем дел од земјите на Европска унија.

**Евалуација на трудот број 5** „Управувањето со кредитните ризици и одредбите на новиот Базелски договор" прв и втор дел - Економија бизнис-списание за теорија и практика, два дела (трудот е објавен во две списанија во ноември и декември 2003 г.).

Овој труд во време на издавањето особено беше значаен поради својата актуелност, имајќи предвид дека новата Капитална спогодба – Базел 2, сè уште не беше во официјална примена. Во трудот особено се потенцираат новините што ги носи Базел 2 во сферата на управувањето со кредитниот ризик. Всушност, целта и на двете капитални спогодби (Базел 1 и Базел 2) е преку определување на минимум регулаторни стандарди да се обезбеди сигурност и солидност на банкарскиот систем, како и да се зајакне конкурентната еднаквост во банкарскиот систем. Новата капитална спогодба дава особено поголем акцент врз проценка на ризикот од страна на банките, поттикнување за изработка на пософистицирани методологии за оценка на кредитниот ризик, како и подобра пазарна дисциплина и транспарентност на кредитните информации за комитентите на банките и за банките. Во таа смисла, во овој труд посебно се разработени двата пристапа за оценка на кредитниот ризик: стандарден пристап (кој има соодветни подобрувања на постоечкиот стандардизиран пристап) и новиот пристап заснован на интерно рангирање (Internal Based Approach) ИРБ пристап, кој од своја страна има две варијанти: основен ИРБ пристап и развиен ИРБ пристап. Во трудот се појаснува калкулацијата на минималната стапка на адекватност на капитал, како постоечки квантитативен стандард, и новиот пристап на пресметка и управување на кредитниот ризик (Столб 1) се дополнува со два, исто така, битни елемента: супервизија на контролната функција и пазарната дисциплина (Столб 2 и Столб 3).

**Евалуација на трудот број 6** „Програмски пристап за користење на странскиот капитал за поддршка на технолошкиот развој"- Зборник на трудови од конференцијата во организација на Здружението за одржлив развој, март 2003 г..

Во трудот „Програмски пристап за користење на странскиот капитал за поддршка на технолошкиот развој" се презентирани значењето и формите на странскиот капитал во функција на технолошкиот и воопшто економскиот развој на земјата, со посебен осврт на состојбите во Македонија.

Во трудот е даден посебен осврт на технолошкиот развој како услов за производно

преструктуирање што претпоставува концепт на работење каде информациите, иноваторствата, примената на нови технологии и едуцираниот човечки потенцијал ќе бидат пресудни за просперитетот на претпријатијата и стопанството воопшто.

Во трудот се анализира производната структура на македонското стопанство, а особено на индустријата која ја карактеризираат техничко -технолошка застареност, недоволно користење на капацитетите, а во исто време релативно ниско ниво на истражувачка и технолошка интензивност, висока суровинска ориентираност, висока увозна суровинска и технолошка зависност, недоволна извозна ориентираност, енергетска зависност, мала застапеност на производи со повисок степен на преработка, релативно висока трудо-интензивност и ниска доходовност.

Во таа смисла се даваат насоки и се идентификуваат пропулзивни гранки кои се суровинско и енергетски неинтензивни, со висока акумулативност и флексибилност, мала или привремена увозна зависност и висок степен на аплицирање на иновации.

Во таа смисла, се наведува улогата што странскиот капитал може да ја има во унапредување на технолошкиот развој на македонското стопанство, кој ќе овозможи негово соодветно преструктуирање и динамизирање на извозот.

Анализирајќи го значењето на странскиот капитал за технолошкиот развој на земјата, во трудот се наведуваат формите кои во една соодветна структура и димензионираност треба да се користат со цел да се остварат саканите ефекти на технолошкиот и економскиот развој, воопшто.

Притоа се анализира кредитот како форма на странски капитал, директните странски инвестиции во технолошко-иновативни пропулзивни сектори и средствата од бесповратната странска помош во функција на технолошкиот развој.

Имено, се анализира во кои сфери за кои намени и во која димензија би требало да се применува секој од наведените форми на странски капитал, со цел да се креира систематски и насочен пристап за користење на странскиот капитал за поддршка на технолошкиот развој.

**Евалуација на трудот број 7** – „Принципите на недискриминација, либерализација и транспарентност, патоказ при преговорите за влез на Македонија во СТО“ - Зборник на трудови од конференцијата во организација на Здружението за одржлив развој, септември 2002 г.

Во овој труд се презентирани принципите на недискриминација, постепена либерализација и транспарентност кои претставуваат основни столбови на мултирателатералниот трговски систем, наречен Светска трговска организација.

Всушност, преку овие принципи се остварува целта на СТО, а тоа е непречно реализирање и унапредување на меѓународната трговија во услови на лојална конкуренција.

Притоа се потенцирани двете димензии на принципот на недискриминација:

– надворешна и
– внатрешна недискриминација.

Надворешната недискриминација обезбедува еднаков третман на земјите-членки на СТО при настап на трети пазари - попознат уште како *принцип на најповластена нација*.

Ова подразбира право дадениот најповластен третман на некоја земја во која било сфера на трговијата на стоки - услуги од страна на некоја земја, да можат да ја користат сите земји-членки на СТО.

Принципот на внатрешната недискриминација или принцип на национален третман подразбира еднаков третман на домашните и странските стоки по завршување на царинската процедура, односно еднакво обременување на стоките со даноци такси и други давачки независно од нивното потекло

Значи, додека првиот принцип овозможува користење на најниски царински стапки и најповолни услови за пристап на пазарите на стоки и услуги што која било земја ѝ ги има дадено на трета земја во рамките на членството во СТО, вториот принцип прави изедна-

чувања на условите и критериумите за стопанисување помеѓу домашните и странските субјекти на територијата на секоја од овие земји.

Принципот на либерализација на надворешно трговскиот систем подразбира укинување на сите вонцарински мерки на заштита и нивно претворање во царини, кои од своја страна треба да имаат тенденација на постепено намалување.

Всушност ваквото барање ги става земјите во една состојба меѓу чеканот и наковалната, бидејќи тенденцијата на либерализацијата е укинување на сите трговски бариери (квоти, контингенти, неавтоматски дозволи), изразување на специфичните царини или прелевмани во основни царини ад валорем, а за кои од своја страна имаат обврска за намалување на нивното ниво.

Барањето да се почитува принципот на транспарентност на трговските политики на земјите-членки на СТО, овозможува следење на трговските мерки што ги преземаат владите за заштите на нивните економии, со што се овозможува стабилност и предвидливост на деловната средина на одредена земја, односно појасна слика за нејзините идни развојни можности, а воедно се поттикнуваат инвестициите, се создаваат работни места, а потрошувачите можат целосно да ја уживааат ползата од конкуренцијата. Во продолжение на трудот се презентирани сите постигнувања кои се реализирани во време на преговорите на Македонија за членство во Светската трговска организација респектирајќи ги спомнатите базични принципи.

**Евалуација на трудот број 8 –** „Фондот за осигурување на депозити во Унгарија”- Економија бизнис - списание за теорија и практика, ноември 2000.

Овој труд има своја важност во време кога се анализираат модалитети на работење и организирање на новоформираниот Фонд за осигурување на депозити во Република Македонија. Поминувајќи ја банкарската криза и преземајќи бројни мерки за консолидација на целиот финансиски систем Унгарија претставува добар пример за организирање на нејзиниот Фонд на осигурување на депозити, чие организирање и начин на работа, како и ефекти од истиот, се детално анализирани во овој труд. Имено, целта на трудот е добриот пример на организирање на Фондот, со одредено приспособување да се примени и во случајот на Македонија. Трудот најпрвин ги обработува причините за настанување на банкарската криза во Унгарија во периодот 1988-1992 г., како и условите на настанување на Националниот фонд за осигурување на депозити (НДИФ). Понатаму се анализират видовите депозити кои можат да се осигуруваат и се прави компаративна анализа со нашиот модел во Македонија.

Во трудот многу екстензивно се прикажани задачите на НДИФ, изворите на финасирање, како и ингеренциите што НДИФ ги има над финансиските институции. Во таа смисла се предлагаат определени измени што може да се направат кај Фондот на осигурување на депозити на Македонија.

**Евалуација на трудот број 9 –** „Осигурување на депозитите и моралниот хазард“ - Економија бизнис, Скопје - списание за теорија и практика – мај 2000 г.

Во трудот „Осигурувањето на депозитите и моралниот хазард» се третира многу чувствителна тема: изградување на соодветен систем на осигурување на депозитите имајќи го предвид феноменот на моралниот хазард кој може да креира и несакани последици кај банкарскиот систем на една земја.

Моралниот хазард е израз кој се користи во банкарството и претставува поголем степен на ризично однесување на одредени финансиски институции во однос на другите, поради сигурноста која ја дава инситуцијата осигурување на депозити. Или поедноставно, банките почнуваат да го зголемуваат ризикот во своето работење (кој од своја страна создава можност за поголем профит) знаејќи однапред дека депозитите се осигурани и дека ќе бидат надоместени во случај на стечај.

Зголеменото ризично однесување може да се согледа во неконтролираната кредитна

експанзија на лошите коминтенти, така што врз основа на зголемениот износ на лоши пласмани, банката го зголемува износот за резервации. Притоа се доведува во опасност да дојде до намалување на капиталот - нејзината актива е имобилизирана, а наместо нова, оплодена заработувачка (што е основа на банкарското работење), создава загуби.

Организирањето на системот на депозити може да влијае во правец на намалување на конкуренцијата меѓу финансиските инситуции, како од аспект на квалитетот на нивното работење, така и од аспект на ризикот што истите го понесуваат.

Во трудот се презентираат теории кои во банкарството го изучуваат проблемот на морален хазард и ги согледуваат неговите законитости, како појава на зголемено ризично однесување во работењето на еден одреден дел на финансиски инситуции во однос на другите.

Особено е потенцирана теоријата која тврди дека банките кои нудат пасивни камати со повисоки каматни стапки применуваат повисок степен на ризик во своето работење, поради потребата и покрај високата камата која ја плаќаат за доверените депозити, да остварат заработувачка.

Поради тоа, теоријата познава, а и во пракса се применуваат системи на осигурување, според кои банките уплаќаат диференцијални премии, во зависност од ризикот кои го преземаат во своето работење и масата на осигирени депозити.

Посебно е истакната и методата за оценување и рангирање на банките т.н. CAMEL - метода. Меѓутоа се напоменува дека поради субјективното начело на оценување, CAMEL методата не е најверодостоен начин за оценување на банката, бидејќи често не укажува на проблемите кои можат да се појават кај банката, а кои се во директна врска со степенот на ризикот што го презема при нејзиното работење.

Појавата на морален хазард кај одредени банки зависи и од структурата на депозитите, односно штедните влогови од аспект на нивната поделба на големи и мали.

Токму поради тоа треба да се утврди осигурувањето на депозитите да се ограничи само на заштита на малите штедачи. На тој начин со осигурување на малите депозити, во случај на стечај на одредена банка, нема да се создаде паника кај големиот број мали штедачи да отидат во банката, барајќи ги своите штедни влогови, бидејќи знаат дека истите се осигурани и дека во секој случај ќе бидат обесштетени. Од друга страна, сите вложувачи на поголеми износи мораат и понатаму да внимаваат на активностите на институцијата на која ѝ ги довериле своите депозити, што ќе ги редуцира хазардерските активности на нејзиниот менаџмент.

При воспоставување на систем на осигурување, од аспект на намалување на моралниот хазард, потребно е исто така правилно да се одмери и висината на штедните влогови кои целосно ќе бидат покриени. Од друга страна, доколку со системот на осигурување е одредено целосно осигурување на депозитите утврдени на доста високо ниво, тоа логички би предизвикало појава на хазардерско однесување, како кај банките така и кај штедачите, кои ќе се водат само од интересот за поголем профит.

Значи, се констатира во трудот, системот на осигурување на депозити треба да биде организиран на начин што со своето постоење ќе делува во насока на намалување, дури и уништување на моралниот хазард.

Во таа насока се презентирани повеќе методи присутни во САД, кои ја заменуваат класичната исплата (обесштетување) на штедачите како што се „Метода на брза корективна акција (Promt corectıve action) и „Методата на најмал трошок"( Least Cost resolutıon).

**Евалуација на трудот број 10 „**Огнизирање на маркетингот во МЗТ- Скопје**"**, магистерски труд, 238 стр., јуни 1990 г., Економски факултет -Скопје

Во времето на неговата изработка и одбрана (1989/1990 година), магистерскиот труд третира многу актуелна тема на примената и организирањето на маркетинг активностите во сложени организациони системи, како што во тоа време бил СОЗТ МЗТ - Скопје. Имено,

примената на маркетинг концептот, како специфичен пристап на работење, претставува основна тенденција на сите пазарно ориентирани субјекти. Меѓутоа, истражувањата покажуваат дека кај нас практичната примена на маркетингот во голема мера изостанува или крајно се импровизира. Причините, секако, лежат во бројните субјективни и објективни ограничувачки фактори, при што психолошката бариера за примена на нова концепција на работење претставува основен проблем кој треба да го решат домашните организации.

Целта на овој труд е да понуди модел на организирање на маркетинг службата и нејзините активности на „МЗТ'' како пример на сложен организационен систем кој ќе го афирмира истиот како пазарно ориентиран и активен субјект во конкурентската борба за подобар пласман и подобро задоволување на пазарната потрошувачка.

За спроведување на саканата цел, во трудот најпрвин е презентирана организационата поставеност на „МЗТ'', основните показатели на работењето, како и организационите трансформации на маркетингот од аспект на вршењето на маркетинг активностите.

Факторите кои влијаат врз организационата поставеност на маркетингот се исто така значајни за конкретно организирање на маркетинг службата на „МЗТ''. Во таа смисла се разгледуваат како надворешни фактори (влијанието на технологијата, пазарот и неговите компоненти, надворешниот пазар), така и оние фактори кои делуваат во рамките на стопанскиот субјект (степен на усвоеност на маркетинг концепцијата на работење, структурата и флексибилноста на производството, постоечката организираност на некои маркетинг активности).

Како база за организирање на маркетинг активностите, предложена е форма на организирање на „МЗТ'' според Законот за претпријатија, повеќе како идеја, без да навлегува во интерно организирање и презентирање на односите кои би се воспоставиле во една сложена форма организирана според акционерски принцип. Затоа, респектирајќи ги теоретските сознанија за можните форми на организирање на маркетингот, презентиран е содржински и организационен модел на функционирање на маркетинг активностите во „МЗТ'', како и местото на маркетинг организацијата во целокупната организациона структура на „МЗТ'.

Од особено значење за заживување на предложениот маркетинг модел е презентирањето на предусловите што се потребни за негово остварување. Особено значење во оваа смисла, покрај кадровската и техничката опременост, како и психолошката бариера што треба да се надмине за прифаќање на маркетинг концепцијата, се дава на ефикасната изграденост на маркетинг информативен систем (МИС) и информативниот систем, воопшто. Воедно е прикажан и односот на маркетингот со другите деловни функции, како и анализата на организационите промени при воведувањето на маркетингот.

**Евалуација на трудот број 11** „Управување со ризиците во единиците на локална самоуправа – Стратегија за управување со ризиците на Општина Гази Баба''- рецензиран труд, СНВ –Холандска развојна организација, април 2010 г.

Стратегијата за управување со ризици, воопшто, претставува стратешки документ кој е направен со консултација на најновата литература во сферата на управувањето со ризиците, тенденција која согласно со европските стандарди и директиви станува императив и во сферата на јавниот сектор и согласно на тоа и на локалната самоуправа. Имено, Законот за јавна внатрешна финасиска контрола од јуни 2009 г. наложува како императив во одреден транзиционен период општините своето работење и внатрешната ревизија да ја базираат врз оценка на ризиците, па оттаму оваа Стратегија претставува еден од првите такви документи. Целта на оваа Стратегија е идентификување и сведување во најмала можна мера на последиците од појавата на одредени ризици, а во догледно време управувањето со ризиците да стане составен дел од деловното планирање на општината и дел од секојдневната култура на однесување на органите на управување и на сите вработени во Општината.

Во таа насока, во Стратегијата е даден теоретски осврт на ризикот како појавна

категорија во работењето, а особено на видовите стратешки и оперативни ризици со кои се соочуваат општините. Понатаму се опишани фазите на управување со ризиците, начинот на мерење на ризиците и се прикажани најновите методи на самоевалуирање на ризичноста на општините. Понатаму од конкретните интервјуа и истражувања, направена е идентификација на присутните ризици во Општината, мерења на нивото /големината на ризиците и се предложени мерки за нивно намалување или контролирање.

**Евалуација на трудот број 12** „Модели и процедури за управување со лошите пласмани пренесени на агенцијата за санација на банки на Република Македонија“ - стр. 31, Годишник на Агенцијата за санација на банки, март 1999 година.

Во овој труд сеопфатно се прикажани модалитетите и процедурите на управување на пласманите (денарски и девизни) пренесени на Агенцијата за санација на банки, презентирајќи ги спецификите на секој од овие модели се анализирани ефектите и е направена компаративна анализа на успешноста од примената на секој од нив. На крајот е даден и посебен осврт за управувањето на пренесените кредити од јавните претпријатија.

Имено, согласно со одредбите од Законот за санација и реконструирање на дел од банките во РМ, како и усвоените интерни акти на Агенцијата, во управувањето со пренесените побарувања се применуваат следниве форми на регулирање на побарувањата:

1. Наплата на достасаните побарувања по редовен законски пат, согласно со условите од оригиналните кредитни договори;
2. Одобрување на одреден дисконт во зависност од висината на побарувањето кое еднократно се измирува;
3. Репрограмирање и консолидација на долгот со воспоставување на нови кредитни услови;
4. Продажба на побарувањата на трети лица;
5. Претворање на побарувањето во влог;
6. Активирање на инструментите за обезбедување на побарувањата;
7. Преземање мерки за поведување на постапка за присилно порамнување, стечај или ликвидација;
8. Комбинација на неколку/сите форми на регулирање на побарувањата.

Притоа е заклучено дека поради тешката финансиска состојба на претпријатијата - должници, моделот на репрограмирање и консолидација на долгот со воспоставување на нови кредитни услови претставува најкористениот модел во праксата на Агенцијата.

Меѓутоа, понатаму е анализирано дека во рамките на репрограмата како дополнителен проблем се наметнуваат пресметката и кумулирањето на редовната и инеркаларната камата на репрограмираните обврски, односно затезната камата на неплатените, а доспеани обврски согласно репрограмот. Затоа, со цел значително да не се оптоваруваат и така големите побарувања врз основа на денарски кредити, ревидирањето на интерни акти што ја третираа проблематиката на каматната политика на Агенцијата се наметнува како неминовна потреба.

Во трудот особено е анализиран трендот на зголемување на интересот на одделни компании за моделот продажба (купување) на побарувањата. Имајќи предвид дека најголем дел од побарувањата пренесени на Агенцијата се покриени со хипотеки, се предвидува дека во иднина овој модел може да претставува од една страна, начин за наплата на побарувањата на Агенцијата, но од друга страна, тоа може да биде успешен начин за приватизирање и рестартирање на претпријатијата кои се заглавени во долгови. На крајот е даден и посебен осврт за управување на пренесените кредити од јавните претпријатија.

Имено, во портфолиото на Агенцијата на Република Македонија за санација на банка значителен дел претставуваат побарувањата од јавните претпријатија. Особено е значаен износот на побарувањата кои потекнуваат врз основа на користени странски кредити: Парискиот клуб на доверители, Лондонкиот клуб на доверители, Меѓународната банка

за обнова и развој, ЕУРОФИМА, Европската инвестициона банка и другите меѓународни финансиски организации. И додека кај одредени јавни претпријатија наплатата редовно и скоро во целост се подмирува согласно со договорените услови спрема странските доверители (Елекстростопанство на Македонија, Македонски телекомуникации) кај останатите постојат значителни проблеми со наплатата.

**Евалуација на трудот број 17 -** „Securities in Circulation in the Republic of Macedonia"- конференција „ Интербалкански форум на банкарските здруженија" - јануари 2004 г.

Овој труд е особено значаен и актуелен во време на негово подготвување и публикување, имајќи го предвид процесот на заживување на прометот на пазарот на капитал во Република Македонија. Во таа смисла, во трудот се презентирани постоечките хартии од вредност во оптек во Република Македонија и тоа: акции, обврзници и благајнички записи.

Особен осврт е даден на долгорочните државни хартии од вредност со кои започна тргувањето на (во тоа време младиот) пазар на капитал, со кои владата на Република Македонија од една страна решаваа одредени должнички, структурни и други финансиски проблеми, но од друга страна овие хартии од вредност во голема мера влијаеле на заживување на пазарот на капитал. Во таа смисла се презентирани и даден е историјатот и условите на настанување, тргување и ефектите што се постигнати со следните хартии од вредност:

а) Обврзници за санација на Стопанска банка АД-Скопје;
б) Голема обврзница за селективни кредити за санација на Стопанска банка АД;
в) Обврзници за преземање на дополнителните побарување на Стопанска банка АД Скопје при нејзината приватизација;
г) Обврзници за т.н. замрзнато штедење на граѓаните;
д) Обврзници за денационализација;
ѓ) Конвертибилни сертификати.

Понатаму е прикажана состојбата со акциите и тргувањето на секундарниот пазар на капитал, како и состојбата со пазарот на краткорочни хартии од вредност (благајнички записи).

На крај се презентирани видувањата на авторот за идните перспективи на пазарот на капитал во Република Македонија и препораки за негово заживување.

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Маријан Стевановски** е роден на 29 октомври 1961 година во Куманово. Основно и средно образование завршува во Куманово, со одличен успех. Виша економска школа и Економски факултет завршува во Прилеп. Постдипломски студии ги завршува на Економскиот факултет во Скопје, на 23 јуни 1999 година. Магистрира во областа на управување и раководење-менаџмент, подрачје *проектирање на информациони системи на управување*.

На 1 август 2008 година докторира на Belfor University во подрачјето на менаџирање со информационси системи, на природно математички науки на тема: "Information system as a base for business decisions making", стекнувајќи се со академски степен **доктор на науки од областа раководење со информациони системи.**

На 30 јуни 2009 година докторира на Европскиот универзитет во Република Македонија, на економски науки, на тема „*Маркетинг информационен систем во процесот на донесување на маркетинг одлуки*" со што се стекнува со академски степен **доктор на економски науки**.

**Работна активност**

Кандидатот д-р Маријан Стевановски е раководител на Комерцијална служба во Медицинскиот центар во Куманово (од 1984 до 1994 година). Раководител на РЕ Заеднички служби во ЈЗУ Завод за здравствена заштита - Куманово (од 1994 до 2007 година). Од 1995

година работи како предавач во образовната академија Виртуал-М, вршејќи едукација од областа на програмирањето, графичкиот дизајн, мултимедија, практично користење на компјутерската технологија, менаџмент, маркетинг и финансии.

Во 2005 година работи хонорарно, а од 2007 година во редовен работен однос како наставник на Меѓународен славјански институт, Москва, филијала Македонија.

Од 2009 година работи како наставник на МИТ универзитет, предавајќи предмети од областа на компјутерски и економски науки.

**Дополнителни сертификации и награди**

Во 2006 година, кандидатот д-р Маријан Стевановски се стекнува со диплома за овластен испрашувач и предавач од областа на информационата технологија за сите степени кои се издаваат од Европската унија, вклучувајќи го и експертското ниво (ECDL start, ECDL core, ECDL expert, ECDL Cad).

Во 2007 година, сертификат од Медицински факултет - Скопје завршување на стручна обука од областа на здравствениот менаџмент.

Во 2007 година е добитник на Ноемвриската награда на Општина Куманово, која се доделува на истакнати личности кои дале придонес за афирмација на градот во различни подрачја на живеење и творење.

Во 2008 година од Belfor University: Distinction, Membership и Excellence.

**Наставно-научни звања**

Кандидатот д-р Маријан Стевановски во 2008 година е доцент, Меѓународен славјански институт г. Москва, во група предмети од областа на информатика и менаџмент на Факултетот за менаџмент.

Во 2009 година е доцент на Универзитет за туризам и менаџмент - Скопје за група предмети од областа на менаџментот на Факултетот за претприемачки бизнис.

Во 2009 година е доцент на МИТ универзитет во Скопје, по група предмети од областа на компјутерските науки и технологии и математика.

Во 2009 година е доцент на МИТ универзитет во Скопје, по група предмети од областа на економските науки при Факултетот за менаџмент.

Во 2010 година е вонреден професор на МИТ универзитет во Скопје, во областа на природно-математичките науки на Факултет за компјутерски науки и технологии.

Досега кандидатот д-р Маријан Стевановски има објавено трудови, пред сè, од областа на компјутерско-информациска тематика што може да се согледа од трудовите што ги наведува:

1. „Изградба на компјутерски базиран информационен систем“, магистерска теза;
2. „Компјутерски информациони системи во превентивна здравствена заштита“, Прв конгрес на лекарите на превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 1998 година;
3. „Компјутерски мрежи и работа во групи кај компјутерските базирани информациони системи во здравствените установи“, Петнаесетти конгрес на лекари на Македонија, одржан во Охрид 1999 година;
4. Издадена книга со наслов „Компјутерски базирани информациони системи“, 2000 г.;
5. „Design of information system in the health institution“, Петти конгрес на социјалната здравствена медицина со организација и економика на здравство со меѓународно учество во 2001 година, во Сараево;
6. „Дигитален нервен систем - основа за управување во здравствената организација“, тема со која учествува на Вториот конгрес на лекарите на превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид 2002 година;
7. „Биоетика и здравствени системи у транзиции“, тема со која учествува на *Лошињски*

*дани биоетике*, Мали Лошињ, 2004 година;
8. Издадена книга „Деловна информатика“, 2005 година;
9. „Интегрален менаџерски модул за економска оправданост и унапредување на заводите за здравствена заштита во Република Македонија“, тема со која настапил на Меѓународен конгрес по превентивна медицина, Охрид, октомври 2006 година;
10. Издадени книги во 2007 година наведува дека ги има издадено следниве книги: „Деловна информатика“ -второ издание, „Анализа на податоци на персонален компјутер со проектен менаџмент и проектен софтвер“, „Формирање на цени“, „Финансии“ и „Информациони системи во економија“;
11. “ECDL во Македонија“, искуства и предлози за понатамошен развој, Меѓународен конгрес Опатија, септември 2007 година;
12. “Information system as a base business decisions making” докторска дисертација, 2008 година;
13. „Видови менаџмент-стратегии набљудувани од аспект на стратешкото планирање и реализација“, објавен труд во Зборник на трудови на МСИ Државин г. Москва, 2008 година;
14. Издадени книги во 2009 година: 1. „Деловна информатика“, 2. „Менаџмент информациони системи“, 3. „Маркетинг информациони системи, истражување на пазарот и формирање на цените“;
15. „Маркетинг информационен систем во процесот на донесување на маркетинг одлуки“, докторска дисертација, 2009 година;
16. Трудови во зборник на трудови во издание на МИТ универзитет: 1.„Концепција структура и функционирање на информациониот систем во организација“, 2. „Далечинско учење-парадигма во современото образование“, 3. „Дефиниран маркетинг како основа за создавање на системи кои вршат класификација на пазарот“.

Со оглед на фактот што во Конкурсот беше наведена областа финансии и банкарство, во случајов списокот на приложени трудови од страна на пријавениот кандидат д-р Маријан Стевановски е од областа на компјутерско-информатичката област. Од тие причини, овој кандидат не ги исполнува условите барани и наведени во Конкурсот на кој овој кандидат се пријавил, поради што не вршиме евалуација на трудовите, а со тоа и не ги исполнува условите наведени во Конкурсот.

**МИСЛЕЊЕ И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на поднесената документација според Конкурсот, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Виолета Маџова ги исполнува условите според Конкурсот.

Комисијата согледа дека кандидатката веќе има предавачко искуство и е вклучена во научноистражувачкиот процес, со што ја квалификува да продолжи во иднина да го унапреди овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатката се потврдува и преку објавените стручни трудови, а посебно нејзината научноистражувачка работа е изразена при изготвувањето и одбраната на магистерскиот и докторскиот труд.

Комисијата особено го потенцира и го зема предвид практичното искуство коешто го поседува кандидатката во конкретната област, што несомнено ќе претставува нејзина силна страна во прагматично спроведување на наставно- образовната активност и успешна реализација на програмските содржини од соодветните предметни дисциплини.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот

совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип **да ја избере кандидатката д-р Виолета Мацова во насловно звање *доцент* на наставно-научната област *финансии и банкарство*.**

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Ристо Фотов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Милан Илиевски, член, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски, член, с.р.**

**П Р И Л О Г**
**Табела за вреднување на активностите на д-р Виолета Мацова, во реизборниот период 2010 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| Реден број од прегледот за Наставно-образовна (НО) дејност - Правилник за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Универзитетски гласник бр.12, декември 2009, стр.119-122): | | | |
| | | | |
| **Научноистражувачка (НИ) дејност** | | | |
| 1. Одбранета докторска теза | **1** | **8** | **8** |
| 2. Одбранета магистерска работа | **1** | **4** | **4** |
| 3. Студиски престој во странство | | **8** | **8** |
| **Стручно-апликативна дејност** | | | |
| 1. Труд во стручно списание (во земјава) | **14** | **2** | **28** |
| 2. Труд во стручно списание (во странство) – прифатен, презентиран и излезен во списание | **6** | **3** | **18** |
| 3. Пленарно предавање на стручен собир | **7** | **4** | **28** |
| 4. Претседател на организационен или програмски одбор на стручен собир | **8** | **3** | **24** |
| 5. Учесник во научен проект | **3** | **8** | **24** |
| **ВКУПНО:** | | | **142** |